ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2020 ГОДИНА НА ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ЗДРАВСТВЕН ДОМ „Д-Р ХАИМ АБРАВАНЕЛ“ БИТОЛА СМЕТКА ЗА СРЕДСТВА ОД ФОНДОТ (737)

01 2021 06 04/1

**Скопје, јануари 2022 година**

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 13 |
| Финансиски извештаи за 2019 и 2020 година: | |
| Биланс на приходи и расходи | 14 |
| Биланс на состојба | 15 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 16 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 17 - 19 |
| - Сметководствени политики | 19 -20 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 21- 23 |

**Прилог 1**- Преглед на објекти кои се евидентирани во сметководствената евиденција без имотен лист

**Прилог 2**- Преглед на објекти кои се доделени со делбен биланс а кои не се евидентирани во сметководствена евиденција

**Кратенки користени во извештајот:**

**Здравствен дом** – Јавна здравствена установа Здравствен дом "Д-р. Хаим Абраванел" Битола

**ПЗУ** – Приватна здравствена установа

**Влада** – Влада на Република Северна Македонија

**Министерство** – Министерство за здравство

**Фонд** – Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

**УО** – Управен одбор

**ЈЗУ** – Јавна здравствена установа

**ЕСЈН** – Електронски систем за јавни набавки

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број: 25-207/1**

**Дата: 26.01.2022**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР


## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Д-р Хаим Абраванел“ Битола на сметката за средства од Фондот (737) за 2020 година.

Изразено е мислење со резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2020 година.

Не е вршена ревизија, ниту е издаден извештај за финансиските извештаи на Здравствениот дом за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи на Здравствениот дом за 2020 година констатирано е следното:

- активностите за финансиско управување и контрола не се воспоставени во целост од причина што Здравствениот дом нема донесено процедури за работа при извршување на клучните процеси, дел од финансиските документи не се контролираат од страна на две меѓусебно независни лица и не е воспоставена сметководствена евиденција за набавките на гориво за моторни возила со користење на безготовински картички;
- пописот на средствата и обврските не е спроведен во целост и утврдени се состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници;
- спроведени се постапки за преотстапување на опрема на ПЗУ кои се концесионери на истата и физичко отстранување на дотраена и неупотреблива опрема без да бидат почитувани процедурите предвидени

со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост;
- за дел од објектите со кои располага Здравствениот дом не се обезбедени докази за сопственост ниту пак имотни листови, а за дел од објектите кои се евидентирани во сметководствена евиденција, правото на сопственост е пренесено во општините во кои се наоѓаат согласно Решение на Владата;
- приемот и потрошувачката на набавено масло за греење во износ од 900 илјади денари не се евидентирани во сметководствена и материјална евиденција и не е извршен попис на набавените количини. Од друга страна на цистерната каде се складира маслото за греење не е вграден контролен уред кој ја прикажува состојбата на неискористени количини, а пред да се вршат нарачки не се преземаат активности за физичко утврдување на расположливите количини;
- во дел од спроведените постапки за јавни набавки констатиравме несоодветна примена на Законот за јавните набавки.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки до одговорните лица.

Во делот на нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата известува за спроведени постапки за јавна набавка со цел превенција и заштита од пандемијата предизвикана од Корона вирусот – Ковид 19.

Во делот на останати прашања ревизијата известува дека Националниот систем за материјално-финансиско и сметководствено работење и Централниот систем за регистрација на работното време при Министерството не се воспоставени во целост.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 17– 173/7 од 13.12.2020 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 14 до 16 заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Д-р Хаим Абраванел“ Битола на сметката за средства од Фондот, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту е издаден извештај за финансиските извештаи на Здравствен дом за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој Извештај се одговорност на раководството на Здравствениот дом застапуван од:

- Д-р. Весна Спиркоска, директор од 25.10.2019 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите

материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се остварени/користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските

извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Не е вршена ревизија, ниту е издаден извештај за финансиските извештаи на Здравствениот дом за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој Извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на 28.10.2021 година.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 17– 173/7 од 13.12.2020 година.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Внатрешни контроли

4.1.1. Извршена е оценка на системот на внатрешни контроли со цел да се утврди дали истиот е дизајниран и функционира согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор при што го констатиравме дека:

- не се донесени процедури за работа со кои подетално ќе се регулира начинот на извршување на клучните процеси во работењето;
- евидентирањето на материјалите во материјалната евиденција се врши со задоцнување од 4 до 18 дена од причина што приемот се врши директно во потрошувачките организациони единици а не во депото за лекови каде се води материјалната евиденција. Ваквото постапување оневозможува евидентирање на потрошени материјали во материјалната евиденција и нереална слика на состојбата на залихите.

- влезните фактури и поткрепувачката документација за прием и потрошок на материјали не ги содржат карактеристиките на уреден и веродостоен сметководствен документ, односно немаат потпис од одговорно лице, не се архивски заверени и немаат доказ за контрола.
- не е воспоставена евиденција и контролни механизми за задолжување и раздолжување по лице за располагање со безготовински картици за набавка на гориво за моторни возила, потрошувачка по возило, помината километража и начинот на користење на службените возила.

Поради наведеното не е воспоставен целосен систем на внатрешни контроли, со кој ќе се намалат ризиците во работењето и ќе се обезбеди функционирање, следење и развој на финансиското управување и контрола. Утврдените состојби не се во согласност со член 7 и член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.
Во текот на вршењето на ревизијата врз основа на Одлука на УО изготвени се и одобрени интерни акти за подетално регулирање на начинот на извршување на дел од клучните процеси поради што во овој дел ревизијата не дава препорака.

**Препораки:**

Одговорното лице во Здравствениот дом да преземе активности за:
- воспоставување на контроли при сметководствено евидентирање и плаќање на влезните фактури;
- воведување на сметководствена евиденција за начинот на користење на безготовинските картички за набавка на гориво за моторни возила, и воспоставување на контроли за начинот на користење на службените возила.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Со увид во сметководствената евиденција на Здравствениот дом и преземените активности за вршење попис како и Извештајот за извршениот попис на средствата и обврските со состојба на ден 31.12.2020 година, ревизијата го констатира следното:
- не е извршено физичко пребројување на опремата во објектите кои Здравствениот дом ги издава под концесија, а се во негова сопственост со набавна вредност од 15.917 илјади денари и сегашна вредност од 75 илјади денари;

- Извештајот од спроведениот попис не е доставен најдоцна дваесет дена пред рокот пропишан за доставување на завршна сметка односно истиот е доставен на 26.02.2021 година.

Утврдените состојби не се во согласност со член 29, 31 ,31а, 31в, 33 став 2, 34 и 35 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака:**

Одговорното лице на Здравствениот дом, одговорните лица номинирани за вршење попис на средствата и обврските и лицето задолжено за водење сметководство во делот на своите надлежности да преземат активности за:

- вршење на попис на сите средства вклучително и средствата кои се користат под концесија од страна на ПЗУ и
- доставување на извештајот од спроведениот попис најдоцна дваесет дена пред рокот пропишан за доставување на завршна сметка.

4.2.2. Во периодот од 2006 до 2020 година, воспоставена е пракса на бришење од сметководствена евиденција (расходување) на опрема по спроведен попис, поради нејзината дотраеност и неупотребливост иако оваа опрема била складирана во просториите на Здравствениот дом што не е во согласност со член 27 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Во текот на 2020 година согласно Решение на директорот спроведен е вонреден попис на движни ствари кои се користат во Здравствениот дом и во ПЗУ кои се концесионери на опрема и простории. По извршениот попис избришана е од сметководствена евиденција опрема со набавна вредност од 16.545 илјади денари и сегашна вредност 0 за која комисијата утврдила дека е дотраена и неупотреблива. Со извршениот увид во начинот на кој е постапувано со наведената опрема го констатиравме следното:

- со Одлука на УО сопственоста на дел од опремата се преотстапува на ПЗУ кои се концесионери на опремата без спроведена постапка за продажба на движни ствари и без донесена Одлука од Владата што не е во согласност со член 47 и член 48 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост;
- записнички е констатирано физичко отстранување на канцелариска и медицинска опрема како и хаварисани санитетски и патнички возила и др. од страна на правно лице кое врши дејност за собирање, транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад. Оваа активност е спроведена без обезбедена Одлука за согласност од страна на Владата на РСМ и без спроведена постапка за избор на правното лице кое

го отстранило отпадот. Исто така, записникот за примопредавање на опремата не е потпишан од страна на одговорното лице на правното лице кое го вршело собирањето на отпадот што не е во согласност со член 42 став 3 и став 4 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост

Наведените состојби имаат влијание врз законитоста во постапувањето со опремата, реалноста и објективноста на искажаните податоци во Билансот на состојба како и врз целосноста на податоците во евиденцијата на движните ствари кои ги користи Здравствениот дом.

**Препорака:**

Одговорното лице на Здравствениот дом да ги преземе следните активности:

- дотраената и неупотребливата опрема да се задржи во сметководствена евиденција и да се искажува во Билансот на состојба се до моментот на продавање, подарување, отуѓување или на друг начин уништување;
- при преотстапување и отуѓување на дотраена и неупотреблива опрема да се применуваат постапките предвидени со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост по претходно добиена Одлука за согласност од Владата.

4.3. **Финансиски извештаи**

**Биланс на состојба**

4.3.1. Материјалните средства за работа на Здравствениот дом, во 2006 година, му се доделени согласно Договор за внатрешна поделба на медицинскиот центар "Д-р Трифун Пановски" Битола (во натамошниот текст- делбен биланс).

Со извршениот увид во сметководствената евиденција, деловните книги и документацијата која се однесува на градежните објекти со кои располага Здравствениот дом, ревизијата ги утврди следните состојби:

- Не е обезбеден имотен лист за петнаесет објекти евидентирани во сметководствената евиденција со сегашна вредност во вкупен износ од 4.545 илјади денари, кои со делбениот биланс се доделени на Здравствениот дом. За девет од овие објекти, правото на сопственост било пренесено на општините во кои се наоѓаат, со Решенија донесени од Владата во 2000 година. За четири објекти покренати се постапки за утврдување на правен статус на објект, но постапките се прекинати со

образложение од надлежните органи, дека објектите се изградени на земјиште надвор од плански опфат. За останатите објекти во износ од 2.223 илјади денари не се преземени активности за утврдување на правото на сопственост; (Прилог 1)
- осум ординации/амбуланти кои со делбениот биланс се доделени на Здравствен дом, не се воведени во сметководствена евиденција ниту пак е доставен доказ за сопственост. Четири од овие објекти се простории, составен дел на објекти во сопственост на други институции од јавниот сектор. Поради наведеното, постои ризик дека Здравствениот дом нема да биде во можност да го оствари правото на сопственост врз овие средства; (Прилог 2)

Овие состојби не се во согласност со член 137, член 142 и член 143 од Законот за катастар на недвижности, член 6 и член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и истите имаат влијание врз реалноста и објективноста на искажаните податоци во билансот на состојба и целосноста на податоците во евиденцијата на недвижните ствари кои ги користи здравствениот дом.

**Препорака:**

Одговорното лице на Здравствениот дом да ги преземе следните активности:
- обезбедување на доказ за сопственост и впишување на правото на сопственост во катастарот на недвижности на објектите со кои располага Здравствениот дом и кои се евидентирани во сметководствената евиденција;
- утврдување на вистинитото сопственичко право врз ординациите/амбулантите кои се наоѓаат во склоп на објекти кои се во сопственост на други институции или пак се доделени во сопственост на општини согласно Решение на Владата. Во услови кога ќе се утврди право на сопственост на Здравствениот дом овие објекти да се евидентираат во сметководствена евиденција.

4.3.2. Утврдените состојби во точка 4.3.1. од Извештајот на овластениот државен ревизор за финансиските извештаи за сметката за сопствени приходи (531) за начинот на кој се вршат нарачки и се контролира потрошувачката на 20.000 литри масло за греење во вкупен износ од 900 илјади денари се однесуваат и за оваа сметка.

### 4.4. Користење на средствата согласно законски прописи

4.4.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2019 и 2020 година, а по кои во годината предмет на ревизија од оваа сметка преземени се обврски во вкупен износ од 8.532 илјади денари, извршивме ревизија на 12 постапки за јавни набавки, со кои опфативме 92% од преземените обврски при што констатиравме состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки:

Здравствениот дом извршил набавка на лабораториски потрошен материјал во износ од 1.279 илјади денари при што констатиравме дека дел од реагенсите се за медицинска опрема-апарати со затворени системи. Овие апарати користат реагенси и потрошен материјал кои ги обезбедува економскиот оператор кој е ексклузивен застапник за стоките предмет на набавката поради што во постапката се доставува само една понуда. Горенаведеното придонесува да не се создадат услови за намалување на цената преку електронско негативно наддавање при што се прифаќа цената која е дадена во понудата на единствениот понудувач.

Поседувањето на апарати за вршење на анализи со затворени системи не овозможува конкуренција, спроведување на електронска аукција и соодветно искористување на средствата во постапките за доделување на договори за јавна набавка, дотолку повеќе што Здравствениот дом во текот на 2020 година набавил дополнителни два апарати со затворени системи. Оваа состојба не е во согласност со член 5 од Законот за јавните набавки.

**Препорака:**

Одговорните лица во Здравствениот дом кои се вклучени во процесот на спроведување и реализација на јавните набавки во делот на своите надлежности, да ги преземат следните активности:

- при набавка на материјали за лабораториски испитувања да се искористи законската можност за доделување на повеќегодишна рамковна спогодба, а предметот на набавката да се дефинира како тест за определено испитување и при тоа да се обврзе економскиот оператор чија понуда е избрана за најповолна да достави компатибилен апарат за вршење на тестовите во периодот на траење на договорот;
- при идни набавки на апарати за вршење на лабораториски испитувања, истите да бидат со отворени системи.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од утврдените состојби во точките 4.2, 4.3 и 4.4 кои претставуваат основ за изразување мислење е:

- нецелосно спроведен попис на средствата;
- физичко отстранување на дотраена и неупотреблива опрема без да бидат почитувани законските процедури;
- необезбедени докази за сопственост за дел од објектите со кои располага Здравствениот дом;
- неевидентирање на приемот и потрошувачката на масло за греење во сметководствена и материјална евиденција;
- несоодветна примена на Законот за јавните набавки во дел од спроведените постапки за јавна набавка.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, освен за можните ефекти на прашањата изнесени во точката 4.3, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Д-р Хаим Абраванел“ Битола на ден 31 декември 2020 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точките 4.2 и 4.4 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Д-р Хаим Абраванел“ Битола, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

**6.1.** Со цел справување со пандемијата предизвикана од корона вирусот – Ковид 19, Здравствениот дом има преземено активности за набавка на потрошни материјали, заштитни мантили, маски и ракавици за заштита на вработените во вкупен износ од 2.309 илјади денари. За оваа цел спроведени се две постапки за јавна набавка од кои едната е реализирана како поедноставена отворена постапка а другата како постапка со преговарање без објавување на оглас од причини од крајна итност.

## 7. Останати прашања

7.1. Согласно член 92-г од Законот за здравствена заштита, министерот за здравство е должен да воспостави Национален систем за материјално-финансиско и сметководствено работење во ЈЗУ, кој треба да овозможи побрзо, полесно и правилно донесување на одлуки во управувањето со финансиите и останатите работни процеси во ЈЗУ, следење на критичните точки на потрошувачка, контрола и намалување на поединечните и вкупните трошоци во ЈЗУ. Согласно одредбите од овој Закон, ЈЗУ се задолжени да воведат редовна евиденција на потрошокот на медицински материјал класифициран по пациент, по упат и по здравствен работник, односно здравствен соработник и задолжителна евиденција на залихите на медицинските материјали во главното депо и во сите помошни депоа на лекови. Националниот систем треба да биде составен дел од интегрираниот здравствен информатички систем, а за непречено функционирање на системот, ЈЗУ се задолжени да обезбедат софтверска апликација која ќе овозможува непрекината двонасочна комуникација и размена на податоци.

Со анализа на преземените активностите поврзани со оваа законска обврска, констатиравме дека и покрај тоа што законската обврска за востановување на Националниот систем е воведена во 2015 година, активностите на Министерството за здравство се уште се наоѓаат во почетна фаза и според добиената Информација, Националниот систем од јануари 2018 година не е во функција поради необезбеден договор за негово одржување.

Поради наведеното, не е обезбедено следење на критичните точки на потрошувачка, контрола и намалување на поединечните и вкупните трошоци во ЈЗУ.

Здравствениот дом има востановено евиденција на потрошокот на материјали по пациент во рамки на постоечкото софтверско решение, а во отсуство на насоки за постапување од страна на Министерството, Здравствениот дом сѐ уште нема преземено активности за поврзување на

постоечкиот софтвер со интергираниот здравствен информатички систем или пак набавка на нова софтверска апликација која ќе овозможува непрекината двонасочно комуникација и размена на податоци помеѓу Здравствениот дом и Министерството.
Исто така, за имплементирање на одредбите од член 92-д од Законот за здравствена заштита Министерство има склучено договор за јавна набавка на Централен систем за регистрација на работно време за потребите на ЈЗУ. По спроведената групна набавка од страна на Министерството во име и за сметка на ЈЗУ во текот на 2017 година испорачани се и монтирани уреди за евиденција на работното време. Овој уред во Здравствениот дом е ставен во функција, но податоците од истиот не се преземаат од страна на Министерството, од причини што не е отпочната примената на Централниот систем за евиденција на работното време по биометриски податоци.

Ревизијата е на мислење дека е потребно, Министерството да преземе активности за имплементација на овие законски обврски со цел да обезбеди функционалност на Националниот систем за материјално-финансиско и сметководствено работење во ЈЗУ и Централниот систем за евиденција на работното време.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2020 година

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2020** | **2019** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 141.878 | 114.267 |
| **Вкупно приходи** | | **141.878** | **114.267** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 125.800 | 110.123 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 14.160 | 3.849 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **139.960** | **113.972** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 1.918 | 295 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1.918** | **295** |
| **Вкупно расходи** | | **141.878** | **114.267** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 10.175 | 9.461 |
| **Вкупно тековни средства** | | **10.175** | **9.461** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 7.598 | 7.464 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 34.596 | 32.536 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.2.3. | 2.457 | 2.457 |
| **Вкупно постојани средства** | | **44.651** | **42.457** |
| **Вкупна актива** | | **54.826** | **51.918** |
| **Пасива** | | | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.1. | 10.175 | 9.461 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **10.175** | **9.461** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 44.651 | 42.457 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **44.651** | **42.457** |
| **Вкупна пасива** | | **54.826** | **51.918** |

## ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2020 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2020 година** | 42.457 | 42.457 |
| **Зголемување по основ на:** | 8.943 | 8.943 |
| Набавки | 6.118 | 6.118 |
| Ревалоризација на капитални средства | 2.825 | 2.825 |
| **Намалување по основ на:** | 6.749 | 6.749 |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 2.146 | 2.146 |
| Расходувана опрема | 1.451 | |
| Амортизација | 3.152 | 3.152 |
| **Состојба 31.12.2020 година** | 44.651 | 44.651 |